СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестото продолжение на  Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 април 1998 година

Скопје, април 1998 година

**ОСУМДЕСЕТ И ОСМА (88) СЕДНИЦА, VI.ПРОДОЛЖЕНИЕ,**
**ОДРЖАНА НА 28.IV.1998 ГОД.**

Т.22(продолжува од претходното продолжение)

УСВОЈУВАЊЕТО НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ ВО 1997 ГОДИНА.

КРАЈ НА СЕДНИЦАТА!

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шестото продолжение на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 1998 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1 со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јован Србиновски, Здравко Стојковски, Благој Стефановски и Јане Ангелевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Ве потсетувам дека на последното продолжение на оваа седница стасавме до точката 22. Го заклучив претресот по извештајот за работа на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капиталво 1997 година.

Видовте, веројатно, бидејќи ви е поделен пратеничката група на Либерално-демократската партија поднесе Предлог на заклучоци кои се поделени.

Кој е за Предлогот на заклучоците што ги предлага пратеничката група на Либерално-демократската партија, молам да крене рака?

13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не ги усвои предложените заклучоци.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

Прво, Собранието на Република Македонија го подржува извештајот за работа на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Второ, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

56 пратеници гласаа за.

Дали некој има против?

12 пратеници се против.

Дали има воздржани.

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 12,20 часот. )